# ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПОДДРШКА НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРАШАЊА

**СОДРЖИНА**


| | |
|---|---|
| 1. Вовед и контекст | 3 |
| 2. Значење на постоењето на Политиката | 3 |
| 3. Опсег | 4 |
| 4. Цели | 4 |
| 5. Исклучување | 7 |
| 6. Изградба на капацитети | 7 |
| 7. Комуникација и обелоденување | 7 |
| 8. Управување и сопственост | 8 |
| 9. Преодни и завршни одредби | 8 |

Врз основа на член 65 од Статутот на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, Одборот за управување со ризици на Банката ја донесе следната:

# ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПОДДРШКА НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРАШАЊА

## 1. Вовед и контекст

Развојната банка на Северна Македонија (РБСМ) е државна развојна банка со стратешка цел за поддршка на развојот на македонското стопанство во согласност со стратешките политики, цели и приоритети на Република Северна Македонија. Основни задачи на РБСМ се: финансирање на развојот на трговските друштва основани во Република Северна Македонија; поттикнување на извозот; поддршка на малите и средни претпријатија основани во Република Северна Македонија; финансирање на инфраструктурата; поддршка на регионалниот развој и финансирање на проекти за енергетска ефикасност, за обезбедување и заштита на животната средина и на обновливи извори на енергија. Супервизија на работењето на РБСМ, во рамките на своите надлежности, врши Народната банка на Република Северна Македонија, а надзор на работењето што РБСМ го врши во име и за сметка на Република Северна Македонија врши Министерството за финансии.

За финансирање на своите активности Банката користи неколку извори на средства: сопствениот капитал; заеми од реномирани меѓународни финансиски институции и средства од Буџетот на Република Северна Македонија. Активностите Банката претежно ги врши посредно, во соработка со деловните банки.

РБСМ во своето работење и финансиски активности е посветена на поттикнување на одржлив развој на државата преку интегрирање на еколошките, социјалните и управувачките аспекти (ЕСГ аспекти). Во рамките на Деловниот план и развојната политика на РБСМ АД Скопје, Банката има развиено стратегија за управување со ЕСГ ризиците, која служи како основа за воспоставување на оваа Политика.

## 2. Значење на постоењето на Политиката

Управувањето со ризиците по животната средина, општеството и управувањето (ЕСГ ризици) сè повеќе добива на значење во финансискиот систем. Меѓународните инвеститори, кредитори и останатите учесници на финансискиот пазар веќе сметаат дека финансиските фактори сами по себе не се доволни за одредување на профилот на ризик

и потенцијалот на создавање вредност на банките, туку дека е потребна и климатска и општествена акција. Тие го зацврстуваат својот пристап кон управувањето со ЕСГ ризиците и очекуваат институциите од нивното портфолио да покажат усогласеност со усвоените политики и стандарди.

Од гледна точка на странските кредитори, ЕСГ факторите стануваат исклучително важни при донесувањето на одлука за соработка со РБСМ. Затоа, доследното интегрирање на ЕСГ аспектите при носење на деловните одлуки е неизбежен чекор во функција на одржливо работење на Банката. Со оглед на тоа што ЕСГ ризиците веќе се интегрирани во финансиските инструменти на меѓународните кредитори, начинот на кој РБСМ ќе управува со нив може да влијае врз пристапот до капитал и врз трошоците на финансирање. Следствено, управувањето со ЕСГ ризиците е еден од важните предуслови за соодветно планирање на активностите, но и за зачувување и унапредување на репутацијата на Банката како државна развојна банка.

## 3. Опсег

Оваа Политика се однесува на активностите финансирани од РБСМ, вклучувајќи ги и активностите реализирани со посредство на деловните банки во Република Северна Македонија. Политиката воспоставува систем за заштита на животната средина и поддршка на општествените прашања на Банката, како и напорите за градење капацитети во делот на заштита на животната средина и поддршка на општествените прашања. РБСМ ги охрабрува деловните банки со кои соработува, во своите портфолија да ги унапредат своите практики за управување со ризиците по животната средина и општествените прашања.

## 4. Цели

Оваа Политика ја одразува посветеноста на Банката за промовирање на заштита на животната средина, борбата против климатските промени и унапредување на социјалната инклузија и еднаквоста, истовремено усогласувајќи се со националните регулативи, ЕСГ стратегијата како дел од Развојниот план и деловната политика на Банката и најдобрите меѓународни практики.

### 4.1 Обезбедување усогласеност со регулативите и стандардите

- Придржување кон важечките национални регулативи и обврски за заштита на животната средина и социјална политика, вклучувајќи ги и национално

утврдените придонеси на Република Северна Македонија кон Парискиот договор.

- Усогласување со националните и меѓународните стандарди и најдобри практики за заштита на животна средина и социјална политика, во согласност со националното и меѓународното законодавство што се применува во Република Северна Македонија, како што се Стандардите за животна средина и општествени прашања (ESS) на Светската банка и Конвенциите на Меѓународната организација на трудот (ILO), таму каде што се применливи.
- Промовирање на принципот на одговорно финансирање на претпријатијата преку деловните банки, со цел заштита на општествената, еколошката и економската одржливост на нивните деловни активности.
- Барање од деловните банки-учеснички да ги спроведуваат своите сопствени политики за заштита на животната средина и општествени прашања и да покажат усогласеност со барањата за заштита на животната средина и општествени прашања на РБСМ, вклучително и усогласеност со сите национални и меѓународни закони, регулативи и стандарди што се применуваат во Република Северна Македонија.

4.2. Промовирање на одржливост на животната средина

Согласно Законот за РБСМ, една од основните цели на Банката е финансирање на проекти за енергетска ефикасност, за обезбедување и заштита на животната средина и на обновливи извори на енергија, вклучително и финансирање на проекти за енергетска ефикасност. Водена од *Насоките за начинот на управување со ризиците поврзани со климатските промени* на Народната банка на Република Северна Македонија, РБСМ ја дефинира својата основна стратегиска климатска цел:

**„Зголемување на кредитирањето на проекти со позитивно влијание врз животната средина и намалување на негативните ефекти од климатските промени.“**

Како резултат на тоа, Банката ќе управува со ризиците поврзани со климатските промени преку:

- Зелено кредитирање, односно финансирање на проекти поврзани со заштита на животната средина, енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија.

- Одржливо оперативно работење, односно одговорно користење на ресурсите и ефикасно управување со отпадот во своите секојдневни активности.

На овој начин, Банката исто така:

- ќе избегнува финансирање на активности што имаат значително негативно влијание врз животната средина или ги кршат прописите за заштита на животната средина;
- се усогласува со меѓународните климатски цели, вклучително и Парискиот договор, со давање приоритет на инвестиции со ниски јаглеродни емисии и инвестиции отпорни на климатските промени;
- поддржува проекти и финансиски институции што придонесуваат за ублажување и прилагодување кон климатските промени, ефикасно искористување на ресурсите и заштита на биодиверзитетот.

4.3. Унапредување на социјалната инклузија и еднаквоста

Препознавајќи ги своите вработени како свој највреден ресурс, Банката е посветена да им понуди безбедна и поттикнувачка работна средина, како и можности за личен и професионален раст и развој. Банката има транспарентен процес на вработување, обезбедувајќи притоа фер селекција врз основа на интегритет, компетентност и еднакви можности за апликантите.

РБСМ ги почитува принципите на родова еднаквост и активно работи на елиминирање на стереотипите, јакнење на женското учество во економијата и препознавање на лидерскиот потенцијал на жените. Банката целосно се придржува до сите релевантни домашни и меѓународни закони, обврски и препораки во врска со родовата еднаквост и вклучувањето на маргинализираните заедници.

Од таа причина, Банката во своето оперативно работење и финансиски активности ќе продолжи да:

- промовира родова еднаквост, разновидност и вклученост;
- поддржува финансиски институции кои го подобруваат пристапот до финансии за недоволно опслужените групи, вклучувајќи ги жените, младите и маргинализираните заедници;

- поддржува обезбедување на безбедни и здрави услови за работа, како во Банката така и кај клиентите, вклучувајќи соодветна култура и практики за зачувување на здравјето и безбедноста при работа;
- избегнува финансирање на активности кои придонесуваат за кршење на човековите права, принудна работа или детски труд.

## 5. Исклучување

РБСМ нема да ги финансира активностите наведени во Листата на исклучување (Прилог 1). Во зависност од кредитната линија, и други активности исто така можат да бидат предмет на исклучување.

## 6. Изградба на капацитети

РБСМ ги гради капацитетите за заштита на животната средина и безбедност при работа на сопствениот персонал, осигурувајќи се дека сите вработени ги разбираат своите улоги и одговорности во спроведувањето на оваа Политика.

РБСМ, кога тоа е релевантно и изводливо, им дава насоки на деловните банки со кои соработува, во делот на зајакнување на нивната усогласеност со барањата на Банката за заштита на животна средина и безбедност при работа.

## 7. Комуникација и обелоденување

РБСМ редовно ги известува своите вработени за одредбите од оваа Политика. Банката систематски ја споделува оваа Политика со деловните банки со кои соработува преку формална комуникација и постојан дијалог, со цел да обезбеди нивно усогласување со барањата на Банката за заштита на животна средина и поддршка на општествените прашања. Дополнително, РБСМ промовира транспарентност и одговорност и покажува лидерство во управувањето со еколошките и социјалните ризици со тоа што оваа Политика ја прави јавно достапна.

РБСМ гарантира дека сите релевантни засегнати страни се свесни и имаат пристап до нејзиниот механизам за жалби од надворешни лица, со цел справување на каква било загриженост поврзана со еколошките и општествените влијанија од финансираните активности на Банката. Механизмот за жалби од надворешни лица го управува назначено лице во Банката.

**8. Управување и сопственост**

Оваа Политика се вклопува во постојната рамка за управување со ризици на Банката. Одборот за управување со ризици ја воспоставува оваа Политика, ја следи нејзината примена и ги врши сите работи поврзани со управувањето со ризиците согласно Статутот на Банката. Надзорниот одбор ја усвојува оваа Политика и ја следи нејзината примена согласно Статутот на Банката.

На оперативно ниво, оваа Политика ја изготвува назначеното лице за координација на активностите за заштита на животната средина и поддршка на општествените прашања во Банката, кое е одговорно за нејзиното спроведување, известување и предлагање на ажурирања и ревидирања во иднина.

Имајќи предвид дека предизвиците и најдобрите практики поврзани со заштита на животната средина и безбедноста при работа со текот на времето еволуираат, оваа Политика редовно ќе се разгледува со цел вклучување на новите најдобри практики, регулаторните промени и повратните информации од засегнатите страни.

**9. Преодни и завршни одредби**

Оваа Политика за заштита на животната средина и поддршка на општествените прашања стапува во сила на денот на нејзиното усвојување од страна на Надзорниот одбор на Банката.

## ПРИЛОГ 1 – ЛИСТА НА ИСКЛУЧУВАЊЕ

РБСМ го исклучува финансирањето за активности што според националното и меѓународното законодавство кое се применува во Република Северна Македонија, вклучуваат производство или трговија со незаконски производи, како и секоја активност што е противзаконска. Тоа особено вклучува:

1. Производство или дејност што вклучува принудна работа (секоја работа или услуга што е недоброволно испорачана од лице под закана на сила или казна), детска работа или трговија со луѓе,
2. Незаконски активности, вклучително активности со органи, ткива и производи од човековото тело или активности поврзани со генетски инженеринг;
3. Истражување, унапредување или умножување на генетски модификувани семиња;
4. Трговија, производство, одгледување или поседување на диви и заштитени видови на животни и растенија;

5. Производство, употреба или трговија со опасни материјали како што е азбестот и хемиски производи, пестициди/хербициди што го уништуваат озонот;
6. Прекугранична трговија со отпад, освен оној што е во согласност со меѓународните конвенции и регулативи;
7. Експлоатација на рудници со дијаманти и рекламирање на дијаманти;
8. Незаконска трговија или активности што ја олеснуваат незаконската трговија со културен имот;
9. Операции што произлегуваат од неотповиклива промена или значително поместување на клучните елементи на културното наследство (за „клучно културно наследство“ се смета секој дел од наследството што е меѓународно или национално признаено како и она што е од историски, општествен и/или културен интерес);
10. Производство или трговија поврзана со порнографија или проституција;
11. Производство или трговија со оружје и/или муниција;
12. Коцкарници и казина;
13. Проекти за изградба, проширување и обновување на електраните што работат на јаглен;
14. Проекти за истражување, производство или обработка на јаглен.